0203/478
06.10 23

Врз основа на член 19 став 6 точка 4 Законот за вршење на сметководствени работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.173/22), Надзорниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители, на седницата одржана на 06.10.2023 година ја донесе следната

## ПРЕДЛОГ ОДЛУКА
за иницирање постапка за избор на правно лице за изготвување на ревизиски извештај на годишната сметка на Институтот

**Член 1**

Со оваа одлука се врши избор на правно лице за изготвување на ревизиски извештај на годишната сметка на Институтот.

**Член 2**

Правното лице А&БА ГРОУП ДООЕЛ Скопје е избрано за изготвување на ревизиски извештај на годишната сметка за 2023 година на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија.

Член 3

Оваа Одлука се објавува на веб страницата на Институтот во рок од 48 часа од нејзиното усвојување.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување од страна на Собранието на Институтот на ден --.--.2023 година.

Претседател на Надзорен одбор

Мери Кировска

ИСОС
СКОПЈЕ

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија објави повик за прибирање на понуди за ревизија на финансиски извештаи за 2023 година.

По објавениот повик во архивата на Институтот пристигнаа две понуди од правното лице А&БА ГРОУП ДООЕЛ Скопје во износ од 1800 евра и правното лице Друштво за ревизија РСМ Македонија ДООЕЛ Скопје во износ од 240.000 денари.

Надзорниот одбор констатираше правното лице А&БА ГРОУП ДООЕЛ Скопје има понудено пониска цена, како и дека истото правно лице го има изготвено ревизискиот извештај за 2021 година и 2022 година, па изборот на правното лице ќе доведе и до континуитет при изготвување на извештајот, поради што се одлучи како во диспозитивот.